**20141955987**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 6 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/12 и 41/14), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТИТЕ И ДЕЈНОСТИТЕ ШТО СЕ ВО СУДИР СО ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за работите и дејностите што се во судир со полициските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/07) во член 2 став 1 во алинејата 6 точката на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат девет нови алинеи, кои гласат:

- управител во правно лице за чија работа, дозвола, лиценца или одобрение издава Министерството за внатрешни работи;
- вршење на угостителски услуги;
- вршење на занаетчиски и услужни дејности;
- дејности поврзани со ракување со оружје и експлозивни материи;
- дејности поврзани со обука за управување со моторни возила;
- вршење на градежни работи;
- музички настапи во угостителски објекти;
- член на орган на управување на невладина организација, здружение и фондација кои спроведуваат проекти поврзани со своите цели и дејности и
- работи и дејности кои можат да го нарушат угледот на Министерството за внатрешни работи“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12.1-87189/1
11 декември 2014 година
Скопје

Министер,
за внатрешни работи
м-р **Гордана Јанкулоска, с.р.**